Република Македонија
Државна изборна комисија

# ЗАПИСНИК
## ОД 71 –ТАТА СЕДНИЦА НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

## ОДРЖАНА НА 14 МАРТ 2014 ГОДИНА

**8.Предлог Образец – Известување за гласање на болно и немоќно лице и**
**9.Разно.**

Се отвори расправа по дневниот ред.
Никој не побара збор и дневниот ред е ставен на гласање.

**7 членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на дневниот ред за 71 – тата Седница на ДИК.**

**Точка 1:**
**Разгледување и усвојување на Записникот од 69 – та Седница на ДИК одржана на 12.03.2014 година;**
Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, отвори расправа по Записникот од 69 –та Седница на ДИК. Никој не се јави за збор и Записникот е ставен на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Записникот од 69 – тата Седница на ДИК одржана на 12.03.2014 година.**

**Точка 2:**
**Предлог Упатство за примена на член 113 – б од Изборниот законик за гласање на избирачите кои се членови на Избирачките одбори кои го спроведуваат гласањето во Дипломатско - конзуларните претставништва односно конзуларните канцеларии;**
Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, отвори расправа по оваа точка. Никој не се јави за збор и Предлог Упатството за примена на член 113 – б од Изборниот законик за гласање на избирачите кои се членови на Избирачките одбори кои го спроведуваат гласањето во Дипломатско - конзуларните претставништва односно конзуларните канцеларии, е ставено на гласање.
**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Упатството за примена на член 113 – б од Изборниот законик за гласање на избирачите кои се членови на Избирачките одбори кои го спроведуваат гласањето во Дипломатско - конзуларните претставништва односно конзуларните канцеларии.**

**Точка 3:**
**Предлог Одлука за запирање на забраната на исплата на надоместок на трошоци за изборна кампања за Локалните избори 2013 година;**
Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, отвори претрес по оваа точка.Никој не се јави за збор и Предлог Одлуката за запирање на забраната на исплата на надоместок на трошоци за изборна кампања за Локалните избори 2013 година, е ставена на гласање.
**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Одлуката за запирање на забраната на исплата на надоместок на трошоци за изборна кампања за Локалните избори 2013 година. Одлуката е составен дел на овој Записник.**

**Точка 4:**

**Предлог Одлука во врска со членот 69 – а став (3) од Изборниот законик;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, отвори претрес по оваа точка.

За збор се јави Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кој кажа дека на Одлуката треба да и се даде наслов " Одлука за формирање на работна група ..... "

Никој друг не се јави за збор.Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски Предлог Одлуката во врска со членот 69 – а став (3) од Изборниот законик дополнета по Предлогот на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи да има наслов, ја стави на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Одлуката во врска со членот 69 – а став (3) од Изборниот законик, дополнета по Предлогот на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи да има наслов Одлуката. Одлуката е составен дел на овој Записник.**

**Точка 5:**

**Предлог Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на потребата од формирање на помошни тела на Државната изборна комисија за спроведување на избори за избор на Претседател на Република Македонија, 13.04.2014 година;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека е ова генерална Одлука за утврдување на потребата од формирање на помошни тела на Државната изборна комисија која треба да се измени и дополни. Отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кој кажа дека е Одлуката добра но во точката 3 да има дополнување, да се избрише точката на крајот на реченицата и да се напише " и службата на Државната изборна комисија да направи пречистен текст на оваа Одлука."

Никој друг не се јави за збор. Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски ја стави Предлог Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на потребата од формирање на помошни тела на Државната изборна комисија за спроведување на избори за избор на Претседател на Република Македонија, 13.04.2014 година, со Предлогот на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, на усвојување.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на потребата од формирање на помошни тела на Државната изборна комисија за спроведување на избори за избор на Претседател на Република Македонија, 13.04.2014 година и Предлогот на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи. Одлуката е составен дел на овој Записник.**

**Точка 6:**

**Предлог Одлуки за ангажирање на лица во помошните тела на Државната изборна комисија за спроведување на избори за избор на Претседател на Република Македонија кои ќе се одржат на 13.04.2014 година и за спроведување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 27.04.2014 година;**

Во врска со оваа точка објаснување даде Бедредин Ибраими, Член на ДИК. Тој кажа дека се работи за лица кои дополнително ќе се ангажираат за прием и обработка на пријавите за гласање во странство. Треба да се зајакне службата, односно Секторот за избирачки список со лицата Сталеска Маја, Арјета Џемаили,

Елес Синани и Димитар Ризов кои ќе ја вршат работата се додека трае постапката за пријавување за гласање на нашите граѓани во ДКП.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи ги образложи и останатите Предлог Одлуки. Лицата Зоран Андоновски и Македонка Ѓорѓиевска се ангажираат за обезбедување на работните простории на ДИК. 9 лица од Државниот завод за статистика се ангажираат за ажурирање и подготовка на Избирачкиот список и 30 лица предводени од координаторот Љупчо Стружанчев се ангажираат за магацинско работење во касарната Илинден заради оформување и комплетирање на изборниот материјал.Предлага сите овие Одлуки заедно да се усвојат.

Предлог Одлуките за ангажирање на лица во помошните тела на Државната изборна комисија за спроведување на избори за избор на Претседател на Република Македонија кои ќе се одржат на 13.04.2014 година и за спроведување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 27.04.2014 година се ставени на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа “ ЗА “ усвојување на Одлуките за ангажирање на лица во помошните тела на Државната изборна комисија за спроведување на избори за избор на Претседател на Република Македонија кои ќе се одржат на 13.04.2014 година и за спроведување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 27.04.2014 година. Одлуките се составен дел наовој Записник.**

**Точка 7:**
**Разгледување на Барањата за акредитација на набљудувачи од Амбасадата на Кралството Холандија, Амбасадата на Република Австрија и Канцеларија на ОБСЕ/ОДИХР во Скопје за изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год. и предвремените Парламентарни избори на 27.04.2014 година;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, објасни дека за овие акредитации имаме од службите дека се во ред барањата и дека е доставена потребната документација. Исполнети се условите за усвојување на овие барања за акредитација.

Никој друг не се јави за збор.Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски ги стави Барањата за акредитација на набљудувачи од Амбасадата на Кралството Холандија, Амбасадата на Република Австрија и Канцеларија на ОБСЕ/ОДИХР во Скопје за изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год. и предвремените Парламентарни избори на 27.04.2014 година, на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа “ ЗА “ усвојување на Барањата за акредитација на набљудувачи од Амбасадата на Кралството Холандија, Амбасадата на Република Австрија и Канцеларија на ОБСЕ/ОДИХР во Скопје за изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год. и предвремените Парламентарни избори на 27.04.2014 година.**

**Точка 8:**
**Предлог Образец – Известување за гласање на болно и немоќно лице;**

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи се јави за збор.ДИК со овој Образец – Известување им помага на сите болни и немоќни лица да им се овозможи и олесни гласањето. Овој Образец – Известување е добар. Да се усвои и да се стави на ВЕБ страницата на ДИК и да се преведе на сите јазици кои се користат на ВЕБ страницата на ДИК.

Никој друг не се јави за збор. Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски го стави Предлог Образецот – Известување за гласање на болно и немоќно лице, на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Образецот – Известување за гласање на болно и немоќно лице.**

**Точка 9:**
**Разно**

За дискусија по точката "Разно" не се јави никој за збор.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, поради тоа што немаше пријавени за дискусија, констатираше дека дневниот ред е исцрпен и ја затвори седумдесет и првата Седница на ДИК.

Составен дел на Записникот од оваа Седница е аудио снимката на Седницата.

**71-та седница на Државната изборна комисија заврши во 15:35 часот.**

**Број** 07-948/2
18.03.**2014 година**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА,**
**Биљана Стојановска**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Никола Рилкоски**

**Изготвил: Зорица Петровиќ**